Извештај од самоевалуацијата на училиштето

Врз основа на Законот за основно образование – Консолидиран текст (Службен весник на РСМ ,161/19 I 229/20) член 129, став 4 , училиштето на крајот на секоја втора наставна година спроведува Самоевалуација. Училишниот одбор по предлог на директорот на училиштето формира **Училишна комисија за самоевалуација** составена од 5 (пет) члена од редот на наставниците и стручните соработници, и тоа:

1. Гордана Поповска Чанговска– социолог

2. Наташа Кипријановиќ–одделенски наставник

3. Николина Ѓорчевска –предметен наставник

4. Даниела Периќ- предметен наставник

5. Јелена Варсаќевска - родител

ООУ „Александар Урдаревски ” с.Сандево

Период: 2020 – 2022 година

Вид на училиштето: Основно општинско училиште

Основач на училиштето: Општина Чучер-Сандево

Наставен јазик: македонски јазик

Претседател на Училишниот одбор: Жаклина Тасевска

Директор на Училиштето: Сузе Велковска Радевска

Адреса на училиштето: с.Сандево ул.1 бр.11 општина Чучер-Сандево,Скопје

Контакт: телефон: 022-666-096; e-mail: aurdarevski10@yahoo.com

Web страна: oоualeksandarurdarevski.edu.mk

Самоевалуацијата на крајот на учебната 2021-2022 година ги опфати следните подрачја:

1. Организација и реализација на наставата и учењето
2. Постигањата на учениците
3. Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар
4. Управување и раководење
5. Комуникации и односи со јавноста
6. Училишна клима и култура
7. Соработка со родителите и локалната средина

Училишен тим за Самоевалуација2018-2020

Подрачје	Тимови (членови на тимот, име и презиме на наставник)
Подрачје 1 Организација и реализација на наставата и учењето	ТИМ 1 1. Јулијана Јакимовска 2. Илинче Митева 3. Анѓа Живановска
Подрачје 2 Постигањата на учениците	ТИМ 2 1. Весна Вучковска 2. Христијан Најдовски 3. Благица Волчевска
Подрачје 3 Професионален развој на наставниците , стручните соработници и раководниот кадар	ТИМ 3 1. Гордана Димитриева 2. Игор Беличански 3. Наташа Кипријановиќ
Подрачје 4 Управување и раководење	ТИМ 4 1.Милена Мојсовска 2.Даниела Периќ 3.Гордана Поповска Чанговска

Подрачје	Тимови (членови на тимот, име и презиме на наставник)
Подрачје 5 Комуникациски односи со јавноста	ТИМ 5 1. Зорица Силјановска 2.Кристина Јаневска 3.Жозефина Томашевска
Подрачје 6 Училишна клима и култура	ТИМ 6 1. Ана Гурмешевиќ 2. Кристина Гацева 3. Виолета Згонц 4. Николина Ѓорчевска
Подрачје 7 Соработка со родителите и локалната самоуправа	ТИМ 7 1. Верче Славковиќ 2. Маја Тапарчевиќ 3. Благица Гогова 4. Ирена Јошевска

РЕЗИМЕ ОД ИЗВРШЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Врз основа на член 129, став 4, од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр. 161,5 август 2019), Комисијата за самоевалуација на работата на ООУ,, ,,Александар Урдаревски ” с.Сандево, за периодот од 2020/21 година и 2021/2022 год. ја изврши самоевалуација на работата на училиштето.

Во текот на работата, тимот имаше средби и разговори со вработените во училиштето. Изврши проверка на потребната документација и од неа користеше повеќе податоци. Спроведе анкети и интервјуа со ученици,наставници, директорот , социолог, дефектолог, библиотекарот и родители. Сите добиени податоци ги анализираше и врз нивна основа го донесе следниот извештај.За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование, Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДИЦ.

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето,напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес.

Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и воннаставни активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во се помал број, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат.

Според целосно извршената самоевалуација, Комисијата ја оцени работата на училиштето позитивно. Оваа оценка претставува збир на целокупната состојба и работа во училиштето, која е добиена од сите седум подрачја, кои ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето.

Подрачје 1 : Организација и реализација на наставата и учењето

Резултати:

Клучни јаки страни:

- Современи наставни планови и програми,соработка на активите
- Успешни реализирани проекти(со дисеминација)
- Успешно реализирани вон наставни активности
- Наставните планови и програми одобрени од МОН целосно се реализираат
- Подготвеност за осовременување на наставата и воспитно-образовниот процес
- Се применува интегративен пристап кон содржините
- Наставникот е креатор на наставата, во рамките на предвидените планови и програми
- Редовно реализирање на вон-наставните активности
- Учество на нашите ученици на Регионални и Државни натпревари
- Соработка со родителите при одржување на хепенинг за Нова Година и Велигден
- Информираност на родителите за учењето и напредокот на учениците
- Оценувањето во голема мера го определува односот кон учењето
- Примена на различни форми и методи за оценување на постигањата на учениците.
- Позитивен и професионален однос од страна на наставниците кон учениците и родителите
- Континуирано следење на постигнувањата на учениците и преземање активности за нивно подобрување

Слабости страни:

- Интернет мрежна поврзаност
- Педагог,образовен асистент
- Одговорност,самодоверба и почитување кај учениците.
- Наставниците и стручните соработници имаат дополнителна потреба од човечки и материјални ресурси за работа со ученици со посебни потреби. Потреба од обука и стручна помош на наставниците за работа со ученици со посебни потреби (инклузија), при изготвување на Годишната програма за работа со тие ученици
- Поради нефункционалноста на ИКТ опремата и нередовната достапност на интернет конекција, наставниците се соочуваат со потешкотии во реализација на планираните содржини со примена на ИКТ.
- Според барањата на проектот Компјутер за секое дете и редовниот предмет ,,Работа со компјутер и основи на програмирање,, се јавува недостик од компјутери и клупи за компјутери, недостаток на ресурси и нагледни средства за реализирање на наставата според програмата ,,Cambridge,,

Анализа на резултатите:

Наставните планови и програми се во согласност со оние предвидени и одобрени од МОН и во целост се реализираат**.**Од сумираните податоци од анкетните листови за ученици и родители се заклучува дека тие не можат да влијаат врз начинот на реализација на наставните планови и програми, а наставниците можат да влијаат на повеќе начини (избор на учебник, примена на современи методи на работа,примена на ресурси и истражувачка работа за подобро постигнување на успех како и примената на ИКТ во наставата)

Училиштето ги приспособува наставните планови и програми на карактеристиките и потребите на локалната самоуправа.Наставните планови и програми подеднакво им се достапни на наставниците, учениците и родителите.

Изборот на наставните предмети се врши со помош на анкетни листови, без разлика на пол и етничка припадност.

Поддршка за подготвување и осовременување на наставните планови и програми, наставниците добиваат од колегите, а наставната програма тимски се подготвува и осовременува по активи.

Можности за интегриран пристап постојат, како во одделенска така и во предметна настава, особено во сродните предмети (математика, физика, хемија, биологија...)

Аспектите раководење, договарање, самодоверба, соработка, разрешување на конфликти кои се во функција на прашањето за степен на помагање на наставните планови и програми врз личниот и општествениот развој на машките и женските ученици од различно етничко потекло, ги задоволува нивните интереси и потреби

Се организираат предавања од стручни лица за однос меѓу половите и нивните сексуални врски, репродуктивно здравје, болестите ХИВ/СИДА и зависности од дрога, сообраќај, лична хигиена и др.

Учениците се запознаваат со граѓанското образование и образованието за човекови права преку реализација на проектите „Животни вештини“, а во предметна настава преку предметот Граѓанско образование, кој редовно се изучува во VIII и IX одд

Вон-наставните активности се реализираат и спроведуваат во континуитет, без разлика на пол и етничка припадност на учениците (секција за странски јазик, литературна и новинарска секција, секциите на млади математичари, физичари, хемичари, историчари и географи, еколошката секција,ликовна секција и др.) и истите подеднакво им се достапни на машките и на женските ученици.

Редовно се одржуваат училишни натпревари по математика, како и спортски натпревари и хорски смотри на ниво на град и држава.

Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

-Употреба на ИКТ во наставата(редовност на интернет во нашето училиште,идентификација на образовните потреби на учениците и почитување на различните потреби на учениците со посебни образовни потреби.

-Да се обезбедат човечки и материјални ресурси за работа со ученици со посебни потреби.

-Стручна поддршка на наставниците од страна на надворешни лица за осовременување на наставните програми и стручно усовршување на наставниците преку обуки и семинари за работа со деца со посебни потреби

Подрачје 2 : Постигнувањата на учениците

Резултати:

Клучни јаки страни:

- Континуираноследењенапостигнувањенаученициодразличнаполова, етничкаприпадностспореднаставнипредмети
- Подобрувањанапостигнувањанаученициипрекуредовна ,дополнителна и додатнанастава.
- Опфатеностнаученцитесовоннаставнитеактивностиорганизиранивосекции и групи. Продуктивнатаработаодовиесекциисеекспонираноодредениучилишниманифестации и приредби, а најмногупрекуученичкитенатпреваринаопштинско, регионално и државниво.
- Значајнипостинувањаводелотнаекологијата и меѓуетничкаинтеграцијанаучениците.
- Нашетоучилиштеоствaрувасоработкасолокалнатасамоуправа, како и соработка и разменанаискуствасодругиучилишта, организации, соЗаводотзаменталноздравјенадеца и младинци и локалнатасредина.
- Осипувањето е условеноодносно комуникацијатаград - село, затоаштоучилиштетосесметакакоридскопланинско и однегативнитеусловикоисеусловизанормаленжовотнасело. Миграцијата е честавоселото, заподобраегзистенцијанасемејствата.
- Повторувањевонашитоучилиштенема.

Слабости

- Нашата слаба страна се недоволно опремени училници, мал број на основни нагледни средства и помагала, немање услови за кабинетска настава кои се основен услов за имплементација на Кембриџ програмата во наставата по математика и природни науки и концепцијата за четврто одделение. Исто така како најголема слабост се издвојува немање на доволно брза и стабилна интернет конекција за реализирање на наставни содржини со примена на ИКТ и водење on line педагошка документација.
- Недоволнасоработкамеѓунаставниците, директорот и стручнатаслужба и нивнакоординиранаработа.
- Потреба од поголема ангажираност на Советот на родителите при изноаѓање на финансиски средства спонзорство, подршка и помош од МОН, Локалната самоуправа како логистичка поддршка за училишните проекти и слично.
- Следењенапостигањатанаученицитеприпреминодеденводругобразовенциклусодосновновосреднообразование

Анализа на резултатите:

При реализација на овој подрачје дојдовме до следните резултати и согледувања:
Постигнувањата на учениците на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година по предмети, пол и етничка припадност се релативно добри, но треба да се вложат заеднички напори од страна на наставниците, родителите, а особено од страна на учениците за да бидат тие постигнувања уште подобри. Учениците во текот на цела година се оценуваат формативно, но на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година учениците од I до III одделение се оценуваат описно, а учениците од IV до IX одделение се оценуваат бројчано. Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди и презема активности за нивно подобрување. Училиштето има систем за детектирање и поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок. Подобрувањето на постигнувањата на учениците, наставниците од нашето училиште го стимулираат преку вклучување во разни проекти, дополнителна и додатна настава, учество на натпревари, екскурзии, преку работата на стручните активи и слично. Соодветна и навремена стимулација, коректен однос наставник/ ученик, подобрување на соработката со родителите се добар начин за подобрувањето на успехот кај учениците. Училиштето доследно ја спроведува пропишаната политика за следење на хоризонталното и вертикалното движење на учениците. Училиштето има развиен систем и организира заеднички активности (наставни и воннаставни) со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето или во партнерство со училиште од друг наставен јазик. Училиштето бележи постојан раст на бројот на вклучени ученици од мешан етнички состав во заедничките активности.
Осипувањето на учениците е сосема незначително што се гледа од приложените извештаи. Тоа е пак доволен показател дека училиштето успешно го остварува образовниот процес, односно наставните и воннаставните активности и покрај големиот недостаток на материјални и финансиски средства

Идни активности:
1.Обезбедување на поголем број на современи материјално - технички средства и наставни помагала за опремување и подобрување на инфраструктурната состојба на училниците или пак нивно адаптирање кои ќе им помогнат на учениците во напредувањето и зголемено учество во сите активности кои ги организира училиштето и постојана и стабилна интернет конекција.
2.Следење постигањата на учениците при премин од еден во друг образовен циклус, од основно во средно образование.
3. Транспарентност во информирањето за постигањата на учениците на натпреварите.
4.Поголема професионална соработка помеѓу наставниците, директорот и стручната служба.

Подрачје 3 : Професионален развој на наставниците

Клучни јаки страни:
• Училиштето има соодветен наставен кадар за реализирање на воспито-образовниот процес и наставниот кадар е во согласност со нормативите • Постои континуиран интерес и желба за стручно доусовршување на наставниот кадар • Училиштето секоја учебна година дава приоритет на професионалниот развој на наставниците • Наставниот кадар во училиштето професионално се усовршува преку посета на семинари и обуки • Водење на педагошки картон и професионално досие за сите наставници • Во училиштето постои пракса за назначување на ментори кои им помагаат во извршувањето на работните задачи на наставниците –приправници • Секој наставник изготвува план за личен професионален развој
Слаби страни:
➢ Нестабилен интернет . ➢ Слабата брзина на интернетот и почесто немање е причина за отежнато реализирање на ИКТ часови. ➢ Училиштето не обезбедува средства за учество на обуки и семинари ,кои се организирани од страна на други институции, невладини организации, и наставниците ги посетуваат обуките со самофинансирање.Котизацијата ја плаќаат од сопствени средства. ➢ Недоволно се врши размена на искуства преку примери на добра пракса со отворени нагледни часови ➢ Училиштето располага со стручна литература која делумно ги задоволува потребите на наставниците.

Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето
❖ Училиштето да обезбеди средства за учество на обуки и семинари. ❖ Збогатување на книжниот фонд во училишната библиотека со лектирни изданија и стручна литература за наставниците,набавување на практични материјали за кабинетот по хемија ,биологија, ❖ Да се реализираат нагледни часови за размена на искуства ❖ Континуирано стручно усовршување на вработените преку посета на семинари и обуки за ИКТ часови и инструкции од надлежен инспектор за подготовка на дневните планирања за наставниците од предметна и одделенска настава.

Подрачје 4 Управување и раководење со училиштето

Анализа на резултатите :

Постојат соодветни постапки во креирање на училишната политика. Притоа се дава голем акцент на соработката со родителите и локалната самоуправа. Родителите имаат големо учество во креирањето на училишната политика со своите видувања, ставови, мислења, искуства и др., а преку нивното учество во работата на училиштето во Советот на родители од чии членови се бираат тројца претставници за Училишниот одбор.

За хигиената и уредувањето на училишниот двор се грижат вработените.

Училишната политика се креира со донесување план за развој на училиштето (годишна програма) со глобални, тематски неделни и дневни планирања на наставниците и укажување од МОН и Бирото за развој или посета на часови од страна на советниците на БРО. Бирото за развој на образованието доставува покани за семинари и обуки за професионално усовршување на наставниците, стручните соработници и директорот на училиштето.Политиката на нашето училиште е безрезервно да им дава поддршка на наставниците за редовно посетување на сите форми на усовршување за што се води евиденција во училиштето.

Во успешно реализирање на политиките и зацртаните цели на училиштето од голема важност е соработката и добрата (професионална) клима меѓу наставниците (соработка меѓу стручни активи: одделенска-предметна).

Меѓудругото училиштето води грижа и евиденција за редовните систематски и санитарни прегледи на своите вработени.

Покрај редовната политика за унапредување на здравјето на учениците која е зацртана со однапред предложена и усвоена програма по определени предмети (биологија, физичка култура и предавања од страна на поканети стручни лица за определена област и здавствени служби).

Политиката за давање поддршка на учениците е регулирана и потпомогната од страна на наставниците, одделенскиот и наставничкиот совет, разни друштва и невладини организации, социјалната и педагошката служба.Одговорен е МОН, Биро за развој, а на ниво на училиште директорот, стручната служба и стручните активи со наставниците и тимот формиран во училиштето конкретно за активностите врзани со Развојното планирање (мисија на училиштето).

Сакаме да креираме училиште преку партнерски односи со учениците, наставниците, родителите од сите етнички заедници и локалната средина, како и преку користење на современи наставнички методи, техники и средства за работа со кои ќе овозможиме правилен сестран развој на учениците кои ќе поседуваат квалитетни основи за понатамошно образование, а истовремено ќе бидеме и центар на сите уметнички и спортски збиднувања во нашата локална средина.

Идни активности:

- Поголемо учество и информираност на родителите во креирањето на целите и политиките во училиштето
- Обезбедување финансиски средства за опремување со нови нагледни средства и помагала
- Поголема транспарентност при работата на Училишниот одбор

Подрачје 5 Комуникации и односи со јавноста

Клучни јаки страни

- Училиштето има партнерски однос со сите чинители на локално, регионално и национално ниво
- Со резултатите од својата работа училиштето има влијание врз јавното мислење
- Воспитно-образовен процес во училиштето е доволно јавен и транспарентен

Слаби страни

- Недоволна професионална комуникација помеѓу наставниците
- Ученичката заедница делумно ги реализира планираните активности во текот на учебната година.

Анализа

Интерната комуникација во училиштето се реализира преку одржување на Наставнички и Одделенски Совети на кои се презентираат извештаи за постигањата, редовноста и поведението на учениците, се споделуваат информации за проектите и активностите во кои е вклучено училиштето. Во изминатите две години поради пандемијата од Ковид 19 Наставничките совети се одржуваа преку платформата Микрософт Тимс преку која непрачено се одвиваше целокупната работа на Наставничкиот совет.Одделенските и предметни наставници преку своите стручни активи разменуваат информации, споделуваат искуства, се информираат за промените во воспитно-образовниот систем кои произлегуваат од надлежните институции.Училиштето по пат на Веб страната на училиштето, Фејзбук профилот на училиштето, соопштенија, огласни табли, флаери, плакати и училишен весник ,,Во светот на книгите,, навремено ги информира учениците за целокупниот воспитно образовен систем и разновидни културно-општествени активности и ги анимира за учество во истите.

На почетокот на учебната година родителите на учениците првачиња имаат можност преку флаери да се запознаат со основните информации за воспитно-образовната работа на училиштето. По повод приемот на учениците во прво одделение училиштето подготвува свечена приредба на која се поканети и родителите/старателите.Ученичката заедница согласно програмата за работа најмалку еднаш во месецот одржува состаноци и работилници на различни теми. Претседателите на секоја паралелка навремено ги известуваат своите соученици за информациите и сознанијата кои ги стекнале на состаноците. Спроведените активности имаат за цел да го подобрат воспитно-образовниот процес кај учениците и да ги развијат комуникативните компетенции на релација ученик- наставник и ученик-ученик.

Анализа на резултатите:

Приоритетни подрачја

- Ученичката заедница да ги реализира планираните активности во текот на учебната година
- Подобрување и поголема професионална комуникација помеѓу наставниците

Подрачје 6: Училишна клима и култура

Јаки страни

- Сите средства кои се слеваат на жиро сметките се строго наменски и се употребуваат за онаа цел за која се наменети.
- Интерна и медиумска промоција на успесите на учениците и наставниците.
- Училиштето води грижа за емоционалното,менталното и социјалното здравје на учениците
- Училиштето успешно се справува со недисциплина и појава на насилство
- Училиштето води грижа за правата и достоинството на учениците
- Училиштето води грижа за учениците со ПОП, ученици со потешкотии, ученици од ранлива категорија како и за талентирани и надарени ученици
- Стручната служба врши идентификација на ученици со потешкотии,од ранливата категорија и ученици со ПОП
- Училиштето води максимална грижа и помош за учениците од социјално загрозени семејства
- Во училиштето се врши професионално информирање и ориентирање на учениците за продолжување на образованието
- Училиштето е препознатливо во локалната средина по квалитети и по постигнувања на учениците како и добра атмосфера и клима
- Редовно се реализираат активности за прифаќање и промовирање на мултикултурализмот
- Не постои дискриминација во училиштето според полот,националност и социјален статус
- Редовно се промовираат постигнувањата на учениците и наставниците во локалната средина
- Креирањето на училишната политика се базира на изготвениот Развоен план и соработката со сите стручни органи и тела во училиштето

Слаби страни

- Непостоење втор излез од училиштето во случај на пожар, земјотрес и сл.
- Да се обезбеди лесна пристапност до опремата за прва помош и заштита.
- Недоволно почитување на куќниот ред на училиштето и правилата на однесување од страна на некои вработени и ученици
- Вработените не се запознаени со финансиското работење на училиштето
- Недоволно и нередовно вршење на дисеминации

. Приоритети

- Доследно почитување на куќниот ред во училиштето
- Обезбедување лесна пристапност до опремата за прва помош и заштита.
- Обезбедување на втор излез од училиштето

Подрачје 7. Соработка со родители и со локалната средина

Резултати:

Клучни јаки страни:

- Родителите имаат можност да се вклучат во животот на училиштето преку најразновидни форми и активности
- Постои добра соработка меѓу Советот на родители и училиштето
- Постои отворена и взаемна соработка со локалната заедница

Слаби страни

- Поголемо ангажирање од страна на родителите при спроведување на проектни активности во училиштето
- Стопанските организации од локалната заедница не се отворени за помош и финансиска поддршка на училиштето

Анализа на резултатите:

Училиштето планира разновидни активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа.За таа цел тоа користи најразновидни форми за комуникација со нив.По завршување на секој класификационен период се организираат родителски средби, а еднаш месечно, отворени денови кога родителите можат да се информираат за успехот и однесувањето на своето дете.
Училиштето им дава можност на родителите да се вклучат во образованието и животот на нивните деца преку предавања во врска со одредени професии и теми од областа на здравјето, во воннаставни и проектни активности, екскурзии од научен ирекреативен карактер, организирани хепенинзи и други манифестации кои се спроведуваат во училиштето.
Родителите партиципираат во Советот на родители на паралелките и на ниво на училиште, како и во Училишниот одбор на училиштето, при што нивниот избор се врши на најдемократски начин.
Училиштето е отворено за соработка и со локалната заедница, како и со стопанските организации во неа и таа соработка е взаемна.

Идни активности:

1. Поголемо ангажирање од страна на родителите при спроведување на проектни активности во училиштето
2. Да се оствари контакт со стопанските организации од локалната заедница за помош и финансиска поддршка на училиштето

Предлог – мерки:

- Обезбедување лесна пристапност до опремата за прва помош и заштита.
- Обезбедување на втор излез од училиштето
- Да се обезбедат човечки и материјални ресурси за работа со ученици со посебни потреби
- Стручна поддршка на наставниците од страна на надворешни лица за осовременување на наставните програми и стручно усовршување на наставниците преку обуки и семинари за работа со деца со посебни потреби
- Обезбедување на поголем број на современи материјално - технички средства и наставни помагала за опремување и подобрување на инфраструктурната состојба на училниците или пак нивно адаптирање кои ќе им помогнат на учениците во напредувањето и зголемено учество во сите активности кои ги организира училиштето и постојана и стабилна интернет конекција.
- Следење постигањата на учениците при премин од еден во друг образовен циклус, од основно во средно образование.
- Транспарентност во информирањето за постигањата на учениците на натпреварите.
- Доследно почитување на куќниот ред во училиштето
- Поголемо ангажирање од страна на родителите при спроведување на проектни активности во училиштето
- Да се оствари контакт со стопанските организации од локалната заедница за помош и финансиска поддршка на училиштето
- Да се реализираат нагледни часови за размена на искуства
- Ученичката заедница да ги реализира планираните активности во текот на учебната година
- Подобрување и поголема професионална комуникација помеѓу наставниците
- Поголема транспарентност при работата на Училишниот одбор

Комисија за самоевалуација

Гордана Поповска Чанговска– социолог
Наташа Кипријановиќ – одделенски наставник
Николина Ѓорчевска – предметен наставник
Даниела Периќ- предметен наставник
Јелена Варсаќевска - родител

Дата: 30.06.2022 година